**Година 2002, ноември, број 11**

# *Ф А К У Л Т Е Т С К И*

# *И Н Ф О Р М А Т О Р*

---

## НАСТАВА, ПРОВЕРКИ, НАСТАВА

Зимскиот семестар е во централната фаза. Да се потсетиме дека спроведуваме настава со континуирана проверка на знаењата. Амбициите ни се до крајот на семестарот повеќето од студентите да го имаат стекнато потребното знаење и да го положат испитот низ разни форми на континуирана проверка на знаењата. Студентите кои се наоѓаат во повторувачки семестри, како и оние во деветти семестар треба интезивно да ги користат редовните испитни сесии. Да им помогнеме на сите студенти да бидат што поуспешни.

## ГОСТУВАЊЕ

Во рамките на реализација на ЈЕП проектот: "Centre for Assessment of Pressure Equipment" на МФ престојуваат: Prof. Dr. Fritz Hartung од FN Trier i Bogomil Yochev, Ph. D., од Tehnical Universty. Членови на проектот покрај МФ се: CARSI - Centre for Assessment of Radiosotopes in Science and Industry, Skopje; Fashhochschule Rhcinland - Pfalz Abteilung Trier, Trier (D); Instituto do Soldadura Qualidado, Oeiras (P); SECTOR Cert., Troisdorf (D); TUF  GmbH, Koln (D). Гостите придружени од проф. д-р Тодор Аџиев имаа средба со Деканот на МФ на која стана збор за облиците на понатамошна соработка.

## ПОТСЕТУВАЊЕ

Конкурсот за подготовка на ТЕМПУС проекти е при крај. Упатство за аплицирање може да се најде во деканатот на факултетот или на интернет страната на Европската фондација за обука од Торино, Италија:
http://www.etf.eu.int/tempus.nsf

## КОНКУРС

Американскиот совет за интернационална едукација го организира програмот: Junior Faculty Development Program. Според него во САД се организира дообука и продолжување на студии во повеќе области. Подетални информации во деканатот на МФ а краен рок за аплицирање е 27. 12. 2002

## РЕНОВИРАНА УЧИЛНА

Во изминативе два месеци, малата училна во Сметачкиот центар беше темелно реновирана. Сменет е подот, извршено е кречење, обновена е електричната и мрежната инсталација. Извршена е интернет конекција. Направен е нов распоред на работните места и набавена е нова опрема и столови. Поставени се 20 персонални компјуетри, Pentium 4 Celeron на 1.7 GHz, 512 MB RAM, 20 GB HDD, 32 MB видео карта и мрежно поврзани на 24 портен свич. На општо задоволство, училната е пуштена во употреба според распоредот на часови.



## ЦИРКО-ДОНАЦИЈА

Нашето новороденче, Центарот за истражување, развој и континуирано образо-вание - ЦИРКО го доби првиот подарок. GTZ - Скопје донираше средства со кои се набавени 25 удобни столчиња, како и платно за проектирање за реновираната училна од сметачкиот центар.

## ПРЕДАВАЊЕ

На 22.11.2002 година во салата за состаноци на МФС пред студентите од насоката ИИ свое излагање на тема **Самомаркетингот за вработување и унапредување** имаа менаџерите од МОТИВА. На студентите им беше кажано како да аплицираат за работа. Многу поучно!

## НОВИ КНИГИ

Во библиотеката е добиена нова книга: Грејање и климатизација (приручник), Врњачка бања, интерклимс, 2002.

Недамна од печат излегоа книгите:

- Менаџмент на заштитата на животната средина од Тодор Кралев, Миодраг Шилобад и Радмил Поленаковиќ
- Прирачник по основи на менаџментот (збирка на тестови, прашања, случаи, примери и задачи) од Тодор Кралев и Радмил Поленаковиќ

## ПОТСЕТУВАЊЕ

По повод прославата на Новогодишните и Божиќните празници, деновите 3. јануари (петок) и 6. јануари (понеделник), се прогласуваат за неработни и ќе се празнува во континуитет од 1. до 7. јануари 2003 година. Со работа ќе се одпочне на 8 јануари (среда).

Поради тоа, деновите 7. и 14. декември 2002 година (саботи), се прогласуваат за работни, со тоа што на 7. декември ке се држи настава по распоред за петок, а на 14. декември ке се држи настава по распоред за понеделник.

## БОРД НА ЕВРОПСКИТЕ СТУДЕНТИ ПО ТЕХНОЛОГИЈА - СКОПЈЕ

Во текот на месец октоври, на состанокот во Мамја, Романија, организацијата на студенти на техничките факултети 'БЕСТ-СКОПЈЕ" е преимена како полноправна членка на светската организација "БЕСТ" која врши размена на студенти, учество, организирање на стручни семинари. Во работата на БЕСТ-Скопје активно учество земаат и студентите на машинскиот факултет.

## УНИВЕРЗИТЕТСКА ЛИГА

Во тек е универзитетската лига во кошарка. Машински факултет досега ги победи: Факултетот за физичка култура и Градежен а изгуби од: Економски, РГФ и ЕТФ. Очекуваме уште подобри резултати во следните натпревари.

## О Т С У С Т В А

1. На Собирот на корисници на Флуент од Југоисточна Европа одржан во период од 1 до 3.11.2002 година, со сопствени реферати учествуваа: проф. д-р Илија Петровски, проф. д-р Александар Ношпал, проф. д-р Јован Лазарев, проф. д-р Звонимир Костиќ, доц. д-р Лазе Трајковски, доц. д-р Валентино Стојковски, асс. д-р Јасмина Чалоска и асс. м-р Ристо Филкоски.
2. Проф. д-р Миле Димитровски, патување во Југославија со цел учество на 5-от Конгрес на балканската еколошка асоцијација. Престојот е реализиран од 6.11 до 11.11 2002 година.
3. Проф. д-р Славе Арменски, патување во Југославија заради реализирање теренска настава со студентите од деветти семестар на насока ТТиТЕ. Престојот е реализиран од 7.11 до 9.11.2002 година
4. Асс. м-р Зоран Марков, патување во Југославија заради реализирање теренска настава со студентите од деветти семестар на насока ХПА. Престојот е реализиран од 7.11 до 9.11.2002 година
5. Асс.м-р Виктор Стојмановски, патување во Франција заради посета на неколку високообразовни институции со цел прибирање на материјали за изработка на докторска дисертација. Престојот е реализиран од 20 до 30.11.2002 година.
6. Доц. д-р Кочо Анѓушев, патување во Југославија заради посета на Институтот за железничко машинство на Машинскиот факултет во Белград. Престојот е реализиран од 18 до 20.11.2002 година.
7. Асс. м-р Искра Дуковска - Поповска, студиски престој во Данска, на докторски студии.
8. Стр. сор. Дарко Бабунски, отслужување на воен рок.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**28.11.2002**
**24 СЕДНИЦА НА ННС**

**07.12.2002 и 14.12.2002**
**РАБОТНИ САБОТИ ПО РАСПОРЕД**
**ОД ПЕТОК И ПОНЕДЕЛНИК**

**26.12.2002**
**25 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ**
**ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

***ИНФОРМАТОРОТ ИЗЛЕГУВА СЕКОЈ ПОСЛЕДЕН ЧЕТВРТОК ВО МЕСЕЦОТ И ПО ПОТРЕБА.***


**Техничко уредување:**
*Тони Манџуковски*
*Борис Рошков*